Telekom MK 12:38 88%
vistina.com.mk



„*Big City Scare*"е насловот на албумот на „*Панда 5*" *(Panda 5),* новиот состав на*Тони Китановски*, соопшти Скопскиот џез-фестивал. Бендот е во состав на Тони Китановски – гитара, *Кирил Кузманов – алт-саксофон, Трајче Велков – труба, Кирил Туфекџиевски – контрабас и Виктор Филиповски – тапани.*

„*Big City Scare*" содржи 7 композиции. Снимен е, миксан и продуциран од страна на*Ален Хаџи-Стефанов.* Дизајнот на обвивката е на *Иван Петрушевски.* Премиерната концертна изведба на албумот ќе се случи в недела (21.10.), во рамките на 37-то издание на „Скопје џез фестивал 2018". Инаку, „*Big City Scare*" е 42-ро издание на издавачката куќа „*SJF Records*".